РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР 09-2131/1
31. 10. 2024 ГОД
РЕСЕН

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (" Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), член 4 од Законот за заштита на укажувачи ("Службен весник на Република Македонија"бр. 196/2015, и 35/2018 и ("Службен весник на Република Северна Македониа " бр .257/2020) , член 2 и 3 од Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.46/2016) и член 2 од Правилник за заштитено надворешно пријавување (" Службен весник на Република Македонија" бр.46/2016), тч .1 од информациата за преземање на мерки за борба против корупцијата бр.40-2929/1 од 02.03.2021 година од Влада на Република Северна Македонија и член 3 од Упатсвото за прием на пријавување од укажувачи ( доставени заради внатрешно и надворешно пријавување), издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните податоци и и други податоци на укажувачите, Градоначалникот на Општина Ресен , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за назначување на лице за прием на пријави од укажувачи (доставени заради заштитено внатрешно и надворешно пријавување), издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и другите податоци на укажувачите

1. Се назначува и овластува административниот службеник, Науме Јошевски , вработен во општинската администрација на Општина Ресен , на работно место Асистент на Градоначалник со звање помлад соработник во Одделението за правни и општи работи во Општина Ресен, за овластено лице за прием на пријави од укажувачи (доставени заради заштитено внатрешно и надворешно пријавување), издвојуваье и обработка на податоците од пријавите и обезбедуваье на заштита на личните и другите податоци на укажувачите. Овластеното лице може да се контактира на адреса : Плоштад „Цар Самоил” бр.20 Општина Ресен на телефонски број 047 551-770.

2. Лицето овластено за прием на пријави од укажувачи (доставени заради заштитено внатрешно и надворешно пријавуванье) е должно:

-да врши прием на пријави доставени директно до него од укажувач заради заштитено внатрешно и надворешно пријавуванье;
-да постапува по пријавуваьето со почитување на процедурите утврдени со актот за внатрешно и надворешно пријавуванье;
-да ги заштитува личните податоци на укажувачите, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој бара да биде анонимен или пријавува доверливо, согласно со прописите за заштита на личните податоци; да го информира укажувачот кој е познат за превземените мерки во врска со пријавата без одлагање, а надоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувњето.
4.Решението да се објави на ВЕБ страната и огласната табла на Општина Ресен.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основ на член 4 од Законот за заштита на укажувачи ("Службен весник на Република Македонија" бр.196/2015, и 35/2018 и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.257/2020) , член 2 и 3 од Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.46/2016) и член 2 од Правилник за заштитено надворешно пријавување ("Службен весник на Република Македонија" бр.46/2016), тч .1 од информацијата за преземање на мерки за борба против корупциата бр.40-2929/1 од 02.03.2021 година од Влада на Република Северна Македониа и член 3 од Упатството за прием на пријави од укажувачи (доставени заради внатрешно и надворешно пријавуваање), издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните податоци и други податоци на укажувачите, а во согласност и со мислењето од страна на Министерството за правда бр.14-2505/2 од 14.09.2021 година, Градоначалникот на Општина Ресен донесе решение со кое определи овластено лице за прием на пријави од укажувачи кое согласно одредбите од Законот за заштита на укажувачите, како и процедурите утврдени со актот за внатрешно и надворешно пријавување, да постапува по пријавуваењето со почитување на процедурите за внатрешно и надворешно пријавуванње; да ги заштитува личните податоци на укажувачите, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој бара да биде анонимен или пријавува доверливо, согласно со прописите за заштита на личните податоци; да го информира укажувачот кој е познат за превземените мерки во врска со пријавата без одлагање, а надоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на призавата.

Врз основа на горе наведеното Градоначалникот на Општина Ресен одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Упатство за правно средство: Против ова решение админстративниот службеник може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација за, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Изработил**: Бојана Карапалевска
**Контролирал**:Лилјана Прцуловски
**Одобрил**: Зоран Кипревски
Секретар на Општина Ресен

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
Јован Тозиевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН РЕСЕН